Врз основа на член 45 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр. 27/14,199/14,48/15,154/15,05/16,142/16 и 11/2018 и член 188 став 6 од Законот за социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија број 104/2019 ) год.Директорот на установата донесува

Република Северна Македонија
Јавна установа меѓуопштински
центар за социјални работи
Бр. 04-704/17
22.07 2019 год.
ВЕЛЕС

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас во ЈУМ Центар за социјална работа-Велес

1. За извршител на работното место СО30102Г04006, Помлад референт Административен техничар во Оддел за административни и помошно технички работи, по јавниот оглас бр.67/2019 **се избира** кандидатот Назмије Рамадановик.
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

*Образложение*

Во врска со јавниот оглас бр. 67/2019 објавен на ден 11.06.2019 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници ,,Нова Македонија,, , ,,Вечер,, и ,,Лајм,, за пополнување на работно место преку спроведување на постапка за вработување по јавен оглас. Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со решение бр.10-996/3 од 18.06.2019 година на ден 28.06.2019 година изврши административна селекција и констатира дека за огласеното работно место СО30102Г04006, Помлад референт Административен техничар во Оддел за административни и помошно технички работи – се пријавени вкупно пет кандидати од кои два уредни кандидати и три неуредни кандидати.од вкупниот број на уредни кандидати два продолжуваат во втората фаза (записник бр.10-996/4 од 28.06.2019 година).

На ден 10.07.2019 година во просториите на Агенцијата за администрација се спроведе испит за administrативен службеник (записник бр.10-996/5 од 10.07.2019 година), а на ден 16.07.2019 година се изврши проверка на веродостојност на докази и се спроведе интервју за административен службеник (записник бр.10-996/6 од 16.07.2019 година).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција се изготви конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати по оглас бр.67/2019 и истиот беше доставен до директорот со допис бр.10-996/7 од 16.07.2019 година, примено во ЈУМ Центар за социјална работа-Велес на ден 19.07.2019 година.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ЈУМ Центар за социјална работа-Велес

Директор,

Азиза Шини